Рубрика ИНКЛУЗИЈА

**Н: Падобранци со посебни предизвици**

П.Н: Лицата со посебни потреби имаат право да спортуваат, а спортувањето треба да биде приспособено на нивните потреби, стои во Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби од Обединетите нации, чијшто потписник е и Македонија

**Јане Стефанов**

Дали луѓето што имаат некаков физички или психички недостиг имаат посебни потреби или предизвици? Дали ограничувањата треба да бидат демотивирачки или може да се поминат со повеќе труд? Дали можеме да ги тргнеме блокадите што ова социо-општествено опкружување ги создава во главите на сите граѓани?

Да ми ги поставевте овие или слични прашања пред околу три години, најверојатно, ќе ви одговорев со некакви општо прифатени флоскули на темата, без вистински да размислам за проблемите во нашето општество. А тие, да не се лажеме, ги има многу. Особено за луѓето што мораат секојдневно да се трудат повеќе за да си ја зачуваат својата нормалност.

**М.Н: Небото е отворено за сите**

Многу работи се сменија во мојот живот за да можам да навлезам во светот на атипичните луѓе, како со мое психичко созревање, така и со зголемување на знаењата за оваа проблематика.
Го запознав Вангел на телефон. Ми кажа дека сака да скока со падобран. Телефонот не ги покажува предизвиците на овој потфат. Ми кажа дека скокал во Франција. Го прашав дали има дозвола. Ми кажа дека е квадриплегичар, односно дека има парализа предизвикана од болест или повреда на човекот при што делумно или целосно се губи употребата на сите екстремитети и торзо.

Па како е можно тоа? Падобранец во количка! Ми прати линкови од натпреварот во Франција. Ме заинтересира целата таа идеја кратко сплотена во слоганот „Небото е отворено за сите“. Така почна моето учење. Ми се отвори еден нов свет на падобранци со посебни предизвици. Не е лесно да се занимаваш со овој спорт кога не можеш да ги контролираш нозете. Ама кога се има желба, се наоѓа начин. Специјално дизајнираната облека со која се овозможува слободниот пад со инструкторот во тандем да биде стабилен и да се намали ударот на земја.
Отидовме во Белорусија да се натпреваруваме. За првпат македонски тим на вакво европско првенство. Стотина натпреварувачи, сите решени да ја претставуваат својата земја. Да бидат најдобри што можат. Да покажат што научиле и колку научиле. Во очите фокус и посветеност. Боли кога ќе ги видиш очите на нашите лица со посебни потреби. Тажни, замислени и полни со меланхолија. Не можеш да не ја направиш споредбата и да не разбереш на кое ниво сме ние во Македонија. Секоја чест на исклучоците, на луѓето што и покрај спреченоста,

имаат желба да живеат и да се занимаваат со нетипични спортови. Тие во очите имаат искра што ги плени другите. Тие луѓе ни требаат како суперхерои. Да ги поттикнат и сите други да сонуваат за својата иднина.

**М.Н: И медицинските лица прво ја гледаат спреченоста, па потенцијалот**
„Не кажувајте ми што не можам, кажете ми што можам, и тоа не сега, туку потенцијалот што можам да го постигнам ако се фокусирам на исполнување на моите желби за спортување", е изјава што ми се плетка низ умов кога размислувам на темава.
Еден дел од проблемот е што најчесто и медицинските лица ја гледаат спреченоста пред да го видат потенцијалот.

Најчесто посочуван проблем е непостоењето инфраструктура за непречено движење низ градот. Ама тоа е дел под проблемот што најлесно може да се смени. Почнувајќи од промената на името на најбитниот документ за овој процес, кој е наречен Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност. Можеби во интерес на осознавање и прифаќање на различностите, законодавецот треба да го замени зборот „инвалидност" со „посебни потреби или, уште подобро, со „посебни предизвици".

Во оваа стратегија убаво е напишано како да се реши најлесниот дел од проблемот. Со пари, со законски норми, со казни...
Како да ги смениме ставовите на граѓаните? Тоа е потешкиот дел. Како да им се објасни дека не е потребно сожалување, и желбата за помош на атипичните граѓани да не биде поради сожалување, туку поради потенцијалот што го имаат.
Според мене, решението е воведување нови спортови за луѓето со спреченост. Образување медицински лица како да го гледа потенцијалот. Образување тренери како да се работи и како да направат програми за тренинг што ќе направат спортисти што ќе ја претставуваат Македонија во светот. Замислете наредното злато од Олимписките игри да ни биде во пливање или од кревање тегови од натпреварувач во количка. Звучи како утопија?
Јас можам да го замислам затоа што го гледам потенцијалот во нашите спортисти. Можам да го замислам поради ова скромно тригодишно искуство со Вангел Тркаљанов.

**М.Н: Професионалците подготвени за промени**
Ставовите и мислењето на јавноста се менува многу бавно. Тоа е еден поголем процес во кој сите заедно треба да израснеме. Се наоѓаме во фаза во која свесноста за постоењето на проблемите е толку голема што одредена група луѓе ги препознаваат и се подготвени да направат нешто.
Ова мое тврдење го засновам на искуството што го имав при истражувањето за тоа кои спортови се добри за атипични луѓе.
Кога го разработував пливањето контактирав со нашиот најпознат тренер, Наташа Мешковска. Веднаш ја добив целата помош и анализа за можностите во

Македонија, што треба да се поправи, што да се изгради. И таа размислувала на темата.
Кога го разгледував нуркањето, инструкторот Игор Трајаноски детално ми ја опиша сликата за тоа што може да се прави, а што не може при нуркањето со боци. Даде безусловна поддршка.
Скијањето го разгледувавме со Асоцијација за снежни спортови, отворени за помош и за соработка.
Кога се работи за алпинизам и спортско качување во пресрет излезе Александар Зарапчиев.
Заклучокот е дека професионалците сакаат да помогнат. Треба само да се добие некаква структура и, нормално, поддршка од граѓаните и од државата.

Последен доказ за тоа што го поддржува ова мое тврдење е обележувањето на 2 април - Меѓународен ден за поддршка на лицата со аутизам. Со подготовка од само една недела се направија пет настани од кои се создаде видео, кое беше емитувано на самиот ден. Интересно е како луѓето се мобилизираа за да помогнат на секој начин. Дизајнери и печатари, сниматели и режисери, фотографи и цртачи на графити, ветерници и извидници, скејтери и падобранци, музичари и пејачи, сите - заедно околу 100, здружено направија да се одбележи денот и да се подигне свеста на граѓаните за ова битно прашање.

Ова не се луѓе со посебни потреби, туку со посебни предизвици. Секој ден треба да се трудат повеќе за да успеат, а за да го исполнат својот потенцијал им е потребно разбирање. Дали можеме да ги тргнеме блокадите од нашите глави, времето ќе покаже.

И за крај, во Конвенцијата за правата на лица со посебни потреби од Обединетите нации стои дека „Лицата со посебни потреби имаат право да спортуваат“ и „Спортувањето треба да биде приспособено според нивните потреби“. Македонија е потписник на оваа конвенција.

***(Авторот е инструктор по падобранство)***